Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 234/0306
15.05.2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 9 мај 2019 година, врз основа на примена жалба од Телевизија „1ТВ“, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Телевизиите „Телма“, „Алсат“, „Сител“ и „Канал 5“ го прекршија Кодексот на новинарите во членот 1.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 18 април 2019 година, прими жалба од Телевизија „1ТВ " за објавена информација (соопштение/реакција на Македонската медиумска асоцијација - ММА), емитувана на 17 април 2019 година, во централните информативни изданија на телевизиите „Телма", „Алсат", „Сител" и „Канал 5". (www.telma.com.mk), (www.alsat-m.tv), (www.sitel.com.mk) и (www.kanal5.com.mk).

Во жалбата се наведува дека споменатите медиуми, кои пренесуваат реакција на Македонската медиумска асоцијација (ММА) на решение за времена одлука на Основниот суд Скопје 2, а која се однесува на правна постапка за утврдување на право на платено политичко рекламирање и право на надомест на штета од страна на Телевизија „1ТВ", содржат неточно и нефер известување, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна и клевета.

Од „1ТВ" велат дека текстовите, објавени на четирите национални телевизии се целосно неточни и содржат лажни вести, со цел да го дискредитираат нивниот медиум. Појаснуваат дека не станува збор за пресуда, како што пренеле медиумите, туку за решение за времена одлука на Основниот суд Скопје 2, кое не наметнувало исплата од 100.000 евра, туку рок од еден месец за Телевизијата да може да покрене правна постапка. Подносителот на жалбата смета дека објавените информации се пристрасни и содржат субјективна оценка и неоснована квалификација на судска одлука како незаконска, која посочените медиуми ја претставиле како факт, без притоа да приложат каков било доказ.

*„Посочените медиуми, пренесувајќи го соопштението на ММА покажуваат пристрасност со следните реченици: „Основниот суд Скопје 2 донесе целосно незаконска одлука со која пресуди надомест на штета од 100.000 евра за 1ТВ и и' наложи на ДИК да го објави ценовникот на телевизијата. Претседателот на ДИК Оливер Дерковски рече дека ДИК вложила жалба на пресудата на судијката на Основен суд Скопје 2, Сузана Дончевска по две основи: Прво, врз основа на фактот што Основен суд Скопје 2 нема надлежност да постапува во управни спорови, за што надлежност има само Управниот суд; И второ, затоа што е нејасно како Основен суд проценил 100.000 евра штета, кога таква штета е непостоечка, бидејќи на телевизијата не беше емитувана политичка кампања"*, посочуваат од „1ТВ" во поднесената претставка.

Од „1ТВ", меѓу другото, велат дека ниту една од националните телевизии „Телма", „Алсат", „Сител" и „Канал 5" не побарала став од нив за случајот, исто како и од судијката од Основниот суд Скопје 2, како страна која медиумите директно ја посочиле за носење незаконски одлуки.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со „Алсат", „Канал 5", „Сител" и „Телма" и побара од нив да се изјаснат по однос на наводите на жалбата. Телевизиите не одговорија на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека телевизиите „Телма", „Алсат", „Сител" и „Канал 5" го прекршиле Кодексот на новинарите на Македонија во членот 1.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање, што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно".*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 9 мај 2019 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во оспорените содржини.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за текстови кои пренесуваат реакција на „Македонската медиумска асоцијација" (ММА) на судска постапка поведена од Основниот суд Скопје 2. Членовите на Комисијата заклучија дека во текстовите на споменатите медиуми, кои воедно се членки на „ММА" и предмет на жалбата, нема прекршување на Кодексот на новинарите во однос на наводите на жалителот за: незастапена втора страна и клевета на 1ТВ. Со оглед на тоа дека предмет на соопштението, што во форма на вест го објавуваат телевизиите е Решение за времена мерка, но чија содржина се однесува на конкурентска телевизија, можеби би било упатно да се побара и ставот од телевизијата, иако не е задолжително, зашто, сепак, акцентот во известувањето бил ставен на судското решение.

Сепак, членовите на Комисијата се согласија дека споменатите телевизии, чие соопштение го пренесуваат во форма на вест, биле должни да внимаваат на точноста на информациите кои ги пренесуваат од соопштението на „ММА". Комисијата смета дека најпрво е протолкувано судското решение **(„незаконско")**, а потоа со оценката дека Основниот суд Скопје 2 **„пресудил"** надомест на штета, Комисијата утврди дека медиумите пренеле

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

неточна и непроверена информација, што е во спротивност со членот 1 од Кодексот на новинарите:

***"Основен суд Скопје 2 донесе целосно незаконска одлука со која пресуди надомест на штета од 100.000 евра, за 1 ТВ, и и' наложи на ДИК да го објави ценовникот на телевизијата",*** објавија посочените медиуми, како информација што не се совпаѓа со фактичката состојба, односно не станува збор за пресуда, туку за Решение за издавање привремени мерки.

Со погрешно и неточно пренесување на соопштението во форма на вест дека судот пресудил, во заблуда биле донесени гледачите кои што во тоа време ги следеле овие медиуми

Проверката на податоците и точноста на информациите се морални императиви на новинарството. Затоа, новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Ердем Ахмет и Лилјана Пецова - Илиеска.

**Се обврзуваат телевизиите „Телма", „Алсат", „Сител" и „Канал 5". (www.telma.com.mk), (www.alsat-m.tv), (www.sitel.com.mk) и (www.kanal5.com.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објават оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595